МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 12 став (3) од Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја („Службен весник на Република Македониј" бр.55/07 и 148/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА ПРИЗНАТ ОСНОВЕН МАТЕРИЈАЛ ОДНОСНО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА ПРИЗНАТ ОСНОВЕН МАТЕРИЈАЛ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздавање на уверение за признат основен материјал односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на уверение за признат основен материјал во рокот утврден во член 12 став (2) од Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја.

## Член 2

(1) Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: „Барање заради неиздавање на уверение за признат основен материјал односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на уверение за признат основен материјал ", во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето, седиште на правното лице односно име на физичкото лице-подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето, датум и место за потпис на подносителот на барањето.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-13105
19 декември 2011 година

Скопје

Министер,

Љупчо Димовски, с.р.

Прилог

ДО
Писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Б А Р А Њ Е**

зарради неиздавање на уверение за признат основен материјал односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на уверение за признат основен материјал

Од_______________________________________________________________

(назив на правното лице/име и презиме на физичкото лице – подносител на барањето)

_______________________________________________________________

( седиште на правно лице/адреса на физичкото лице – подносител на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам согласно член 12 став (2) од Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да постапи по барањето за издавање на уверение за признат основен материјал поднесено под број ____________________ од ______________ до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, чија копија ви ја доставувам во прилог.

.

Датум и место на поднесување
___________________________________

Барател
______________________.